Врз основа на член 64 став1 точка 14 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕДИНСТВЕНАТА ТАРИФА НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА УСЛУГИ ШТО ГИ ВРШИ НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за единствената тарифа на надоместоци за услуги што ги врши Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 2/05, 22/05, 16/06, 128/06, 138/06 и 25/07), во глава III. "Издавање лиценци, одобренија, согласности и дозволи", точка 9. "Работи со банки, штедилници и други трговски друштва" потточка 9 23 " Разгледување на барање за издавање одобрение на банките за внесување и изнесување ефективни странски пари во и од Република Македонија"се брише.

2. Во глава V. "Други работи", точка 20 "Работи на чувар на имот на пензиски фондови", потточка 20 1 се менува и гласи:

| | | |
|---|---|---|
| "20 1 | Посредување во врска со трансакции со хартии од вредност, депозити и плаќања за друштва кои управуваат со пензиски фондови | 0,4% од вкупните уплатени придонеси во претходниот месец" |

2. Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

О. бр. 02-15/IV-2/2007
27 април 2007 година
Скопје